**З А П И С Н И К**

Од 1-та Конститутивна седница на Советот на Општина Крива Паланка на ден 03.11.2025 година(понеделник) во 12 часот.

Присутни на седницата на Советот на Општина Крива Паланка

Пратеник во Собрание на Република Северна Македонија Љупчо Николовски,
Градоначалникот на Општина Крива Паланка Сашко Митовски,

Раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот Даниела Велковска,Раководител на сектор за Локален економски развој и финансиски прашања Мартин Николовски, Раководител на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски, Раководител на Одделение за комунална инфраструктура и сообраќај Никола Граматиков, Раководител на Одделение за финансиски прашања Марија Златановска, Раководител на Одделенеие за Локален економски развој и евроинтеграции,Раководител на Одделение за администрирање на даноци ,такси и надоместоци Емил Денчевски,Раководител на Одделение за подршка на градоначалникот,односи со јавноста и информатичка технологија Сања Цветковска,Раководител на Одделение за Јавни дејностиДаниела Милошевска,Раководител на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски.

Раководители на локалните институции,општинска администрација,ЛСМ,здружение на пензионери,медиуми и ОИК.

Седницата ја отвори претседателот на советот од предходниот состав , Изабела Павловска која ги поздрави присутните, им честита за изборот и на советниците и на градоначалникот и им посака меѓусебна соработка и успешна работа во наредниот четири годишен мандат, а се во интерес на граѓаните

Пред почетокот на работниот дел од седницата на Совет на Општината ОИК го имаше врачено уверението на градоначалникот Сашко Митовски како и на ново избраните советници на советот.

Советот брои 15 членови и сите се присутни. Потоа го прочита дневниот ред кој едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Избор на Комисија за прашања на верифиација,избори и именувања на Советот на Општина Крива Паланка
2.Верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Крива Паланка и
3.Избор на претседател на Советот на Општина Крива Паланка



+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка
INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

**РАСПРАВА ПО ТОЧКА ОД ДНЕВЕН РЕД**

1.Избор на Комисија за прашања на верифиацција,избори и именувања на Советот на Општина Крива Паланка

Претседателот на советот од предходниот состав , Изабела Павловска даде објаснување дека потребно е да се формира оваа Комисија која ќе треба да донесе одлука за верификација на мандатот на членовите на Советот.

Со кратка пауза беше формирана Комисијата за верификација избори и именувања во која за претседател беше избрана Ангела Пешовска а за членови во истата се Даниел Анѓеловски,Боби Димитровски,Виолета С.Станојковска и Александар Рангелов.

2.Верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Крива Паланка

Преседателот на Комисијата за верификација избори и менувања Ангела Пешовска даде образложение за одржана комисија дека се верифицирани мандатите на сите 15 избрани советници во Советот на Општина Крива Паланка и тоа:

1.Миле Трајковски,
2.Тања Дејановска-Митровска,
3.Никола Јакимовски,
4.Ангела Пешовска,
5.Дејан Миленковски,
6.Даниел Анѓеловски,
7.Алексеј Николовски,
8.Боби Димитровски,
9.Влатко Ристовски,
10.Слаѓана Вучевска-Петковска,
11.Александар Рангелов,
12.Виолета Станковска-Станојковска,
13.Александар Давидовски,
14.Тања Станковска,
15.Добри Јовевски.

Членовите на Советот на Општина Крива Паланка беа повикани да дадат свечена изјава, а после тоа и да ги потпишат свечените изјави.

3.Избор на претседател на Советот на Општина Крива Паланка

Претседателот на советот од предходниот состав , Изабела Павловска побара да се дадат предлози од страна на советниците.

Советничката Тања Дејановска-Митровска ги поздрави присутните, им честита за изборот и на советниците и на градоначалникот и им посака успешна работа во наредниот четири годишен мандат, а како предлог за претседател на советот го имаше предложено советникот Миле Трајковски.

Претседателот на советот од предходниот состав Изабела Павловска го стави предлогот на советничката на гласање и со мнозинство гласови за председател на Советот е избран Миле Трајковски за мандатниот период 2025-2029 година.

Со исцрпување на точките од дневен ред заврши седницата на Советот на Општина Крива Паланка.

Записник водеше, Клара Стевановска

Претседател на Советот на Општина Крива Паланка Миле Трајковски